Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 13.11.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Кратово за 2015 година**

**1.Се објавува: Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Кратово за 2015 година бр.16-1570/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1577/1
13.11.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) Советот на општина Кратово на 30-ата седница одржана на 12.11.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Кратово за 2015 година**

**1.Општ дел**

**Член 1**

Во Буџетот на Општината Кратово за 2015 година се вршат следните измени:

| | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **189.062.857** | **137.231.757** |
| Даночни приходи | 11.067.000 | 11.325.700 |
| Неданочни приходи | 8.866.877 | 9.226.877 |
| Капитални приходи | 4.702.000 | 4.284.000 |
| Приходи од дотации | 83.070.870 | 83.737.870 |
| Трансфери | 74.103.540 | 20.303.540 |
| Приходи од донации | 7.252.570 | 8.353.770 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **189.062.857** | **137.231.757** |
| Од утврдени намени | 188.862.857 | 137.031.757 |
| Резерви | 200.000 | 200.000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | 0 | 0 |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | 0 | 0 |
| **Прилив** | | |
| Домашни приливи | 0 | 0 |
| Приливи од странски заем | 0 | 0 |
| **Одлив** | | |
| Отплата на главница | 0 | 0 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи во колоната ребаланс и тоа како што следува:

**Член 4**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општината за 2015 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-1570/1 **Претседател**
12.11.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 13.11.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за авто - такси превоз на патници и начин, постапка и услови за издавање на лиценци за линиски и авто - такси превоз на патници во Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за изменување на Одлуката за авто - такси превоз на патници и начин, постапка и услови за издавање на лиценци за линиски и авто - такси превоз на патници во Општина Кратово бр.16-1571/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1578/1 **Градоначалник**
13.11.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14 и 44/15), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување на Одлуката за авто - такси превоз на патници и начин, постапка и услови за издавање на лиценци за линиски и авто-такси превоз на патници во општина Кратово**

**Член 1**

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници и начин, постапка и услови за издавање на лиценци за линиски и авто-такси превоз на патници во општина Кратово бр.07-1278/1 од 24.09.2010 година ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.7/2010) се вршат следните измени:

Во Членот 13 ставот 2 се менува и гласи:

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметар според утврдената почетна тарифа по изминат километар за што се утврдуваат следните тарифи:

За времето од 05,оо часот до 22,оо часот ќе се применува:

**1 тарифа**

Старт (почеток на превозот)........ 20 денари
За изминат 1 километар................. 10 денари
Чекање во траење до 1 час .......... 250 денари

За времето од 22,оо часот до 05,оо часот цената за изминат километар се зголемува за 20 %, при што ќе се применува:

**2 тарифа**

Старт (почеток на превозот) ........ 24 денари
За изминат 1 километар.................. 12 денари
Чекање во траење до 1 час .......... 300 денари

За авто-такси превоз во еден правец надвор од општината ќе се применува:

**3 тарифа**

Старт (почеток на превозот) .... 40 денари
За изминат 1 километар ........... 20 денари
Чекање во траење до 1 час ...... 200 денари

Во Членот 15 ставот 1 се менува и гласи:

Превозникот е должен во возилото на видно место да истакне:

- Ценовник со утвдени тарифи за чинење на превозот-над таксиметарот ; и
- Извод од лиценцата за возилото со кое се врши превозот, истакнат на ветробанското стакло од страна на возачот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-1571/1 **Претседател**
12.11.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 13.11.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ООУ "Кочо Рацин"-Кратово бр.16-1572/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1579/1 **Градоначалник**
13.11.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на Општинското основно училиште "Кочо Рацин" од Кратово усвоен со Одлука на Училишниот одбор на установата бр.02-214/2 од 19.05.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-1572/1 **Претседател**
12.11.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 13.11.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ "Кочо Рацин" - Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ "Кочо Рацин"-Кратово бр.16-1573/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1580/1
13.11.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ "Кочо Рацин" - Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во Општинското основно училиште "Кочо Рацин" од Кратово усвоен со Одлука на Училишниот одбор на установата бр.02-214/3 од 19.05.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-1573/1
12.11.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 13.11.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во град Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во град Кратово бр.16-1575/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1581/1 — **Градоначалник**
13.11.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15 и 129/15), член 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово бр.6/06), а по барање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ бр.03-6846/3 од 03.11.2015 година, Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 12.11.2015 година донесе:

## О Д Л У К А

**за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во град Кратово**

**Член 1**

Се утврдува потреба за поставување на урбана опрема - јарбол висок 30 метри за истакнување на државното знаме во град Кратово на следната локација:
-ул.*Михајло Апостолски*, к.п.142/2, КО Кратово, земјиште во сопственост на Република Македонија корисник ООУ *Кочо Рацин* во Кратово.

**Член 2**

Урбаната опрема - јарбол за истакнување на државното знаме ќе се постави за време од 5 години.
По истекот на рокот урбаната опрема - јарболот ќе се отстрани.

**Член 3**

Врз основа на Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во град Кратово, Градоначалникот на општина Кратово ќе издаде Решение за поставување на урбана опрема - јарбол.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-1575/1 — **Претседател**
12.11.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 13.11.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор во ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово**

**1.Се објавува: Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор во ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово бр.16-1574/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1582/1
13.11.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.11.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на член на Управниот одбор во ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово**

**I.** Со Решението Елеонора Филиповска се разрешува од функцијата член на Управниот одбор на Општинската установа "Музеј на град Кратово" - Кратово.

За член на Управниот одбор на Општинската установа "Музеј на град Кратово" - Кратово се именува:

**Оливер Илиевски од Кратово**

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-1574/1
12.11.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.